**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Универзитет „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**
**Факултет за електротехника и информациски технологии**

Број: 02-1336/29
Датум: 19.8.2026 година
СКОПЈЕ

Врз основа на член 112 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр.82/2018 и Сл. весник на РСМ бр. 178/2021), членот 59 од Статутот на Факултетот за електротехника и информациски технологии – Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 457/2019), Наставно-научниот совет на Факултетот на седницата одржана на 19.8.2026 година, донесе

# О Д Л У К А

за промена на студиска програма во учебната 2026/2027 година

**I.** На студентите запишани заклучно со учебната 2025/2026 година на Факултетот за електротехника и информациски технологии во Скопје им се дозволува промена на студиска програма и тоа:

- на студиски програми каде што имало слободни места по конкурсот во учебната 2025/2026 година во квота со партиципација или школарина,

- бројот на студенти кои може да се префрлат е до 15% од бројот на студентите запишани во прва година според конкурсот во учебната 2025/2026 година на соодветната студиска програма од која студентот се префрла.

**II.** Промената на студиската програма се врши по следниот редослед:

1. Студенти кои ги положиле сите испити предвидени во претходните студиски години со просечна оценка 9,50.
2. Со меѓусебна размена на студенти од различни студиски програми (и еднаков статус на студент со партиципација или со школарина). Ваквиот начин на промена на студиски програми важи само за студентите кои ги имаат положено сите предмети од претходните студиски години.
3. Сите останати студенти доколку се исполнети условите во точка I од Одлуката.

**III.** Студентите на кои им е одобрено да преминат на други студиски програми се запишуваат:

- со еднаков статус како и на претходната студиска програма, само на оние студиски програми каде имало слободни места по конкурсот во учебната 2025/2026 година
- со школарина, на студиските програми каде бил пополнет бројот во квота со партиципација, за што е потребно да дадат изјава дека се согласуваат да ја променат студиската програма со кофинансирање на трошоците за студирање до завршување на студиите.

**IV.** Молбите за префрлање, студентите треба да ги поднесуваат во период од 14 до 18.9.2026 година преку архивата на Факултетот. По завршување на рокот за предавање на молбите, се изготвува единствена ранг листа на поднесени и одобрени барања, која во рок од пет работни дена јавно ќе биде објавена.

**V.** Одлуката да се достави до: ННС, продеканот за настава, веб страницата на ФЕИТ, огласна табла, Одделението за студентски прашања, општата служба и архивата на ФЕИТ.

Декан
Проф. д-р Владимир Атанасовски